Повик за пријавување на учесници набесплатниот курс за „Згради со енергија близу до нула (NZEB)“ за дипломирани инженери и архитекти, кој ќе започне на 07.05.2016

(http://www.mens-nzeb.eu/mk/education/distant-learning/courses/635956676257094293/)

За да се пријавите за учество на курсевите на „Форум за енергетски професионални вештини (*MEnS*)“ и за додатни информации посетете го порталот http://www.mens-nzeb.eu. Изберете јазик МК, а потоа ЕДУКАЦИЈА/Курсеви каде што ќе добиете пристап до информациите поврзани со курсот. За да можете да аплицирате за курсот ќе треба да се регистрирате на порталот, а потоа да се пријавите на порталот (преку e-mail адреса и лозинка).По успешно завршување на курсот, учесниците ќе добијат сертификат како потврда дека се стекнале со целосно разбирање на **NZEB концептот кој се применува кај нас и во земјите на ЕУ, како и вештини кои се неопходни** при **NZEB трансформацијата на зградите во ЕУ.** Носител на сертификатот, кој е студент на студии од втор циклус на соодветни факултети на УКИМ, може да се здобие со 12 ЕКТС.